Врз основа на член 62 и член 63 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 14.08.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 10.3.2.Д и ГП 10.3.2.Ѓ КО Гевгелија од АУП за дел од Блок 10 (Б 10.3) за поделба на ГП 10.3.2, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 10.3.2.Д и ГП 10.3.2.Ѓ КО Гевгелија од АУП за дел од Блок 10 (Б 10.3) за поделба на ГП 10.3.2, општина Гевгелија со графички приказ на урбанистичкиот проект и текстуален дел на урбанистичкиот проект.

**Член 2**

Проектниот опфат на Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 10.3.2.Д и ГП 10.3.2.Ѓ КО Гевгелија од АУП за дел од Блок 10 (Б 10.3) за поделба на ГП 10.3.2, општина Гевгелија со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на КП бр.2233/1 и КП бр.2233/3 КО Гевгелија во Гевгелија од Член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 11.448,56$m^2$.

Проектниот опфат за изработка на Урбанистичкиот проект ги опфаќа КП број 2233/1 и КП број 2233/3, КО Гевгелија. Површината на проектниот опфат изнесува 11.448,56$м_2$, со извршен преклоп во катастар.

Границите на проектниот опфат се дадени во графичкиот прилог кој е составен дел на Урбанистичкиот проект.

Теренот на парцелата е релативно рамен, висинските коти на теренот се прикажани во графичкиот прилог кој е составен дел на Урбанистичкиот проект.

Основната намена за користење на градежната парцела е Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија.

Градежните парцели дефинирани според АУП за дел од Блок 10 (Б10.3) за поделба на ГП 10.3.2, Општина Гевгелија се неизградено градежно земјиште.

До парцелата има пристап од постојни улици.

Заради потреба од изградба и реализација на планот се врши парцелација на градежните парцели и промена на границите на градежната парцела.

**Член 3**

Проектниот опфат се состои од две градежни парцели според Изводот од АУП за дел од Блок 10 (Б10.3) за поделба на ГП 10.3.2, Општина Гевгелија. Основна цел на овој Урбанистички проект е да се изврши спојување на двете градежни парцели во една градежна парцела.

Архитектонско урбанистичките параметри се дефинираат согласно одредбите од АУП и законската регулатива.

Класа на намена: Со постојниот АУП проектниот опфат е со група на намена Г2, Г3, Г4 – Лесна и незагадувачка индустрија, Сервиси, Стоваришта, и

согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. бр.225/20 и 219/21) и се определува основна намена:

**Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија.**

**Според член 4 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. 99/23) за алтернативна намена на целата површина на парцелата до реализација на планираната намена се определува Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани.**

**Член 4**

Просторот опфатен со Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 10.3.2.Д и ГП 10.3.2.Ѓ КО Гевгелија од АУП за дел од Блок 10 (Б 10.3) за поделба на ГП 10.3.2, општина Гевгелија, се состои од текстуален и графички приказ кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 10.3.2.Д и ГП 10.3.2.Ѓ КО Гевгелија од АУП за дел од Блок 10 (Б 10.3) за поделба на ГП 10.3.2, општина Гевгелија со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на КП бр.2233/1 и КП бр.2233/3 КО Гевгелија во Гевгелија и алтернативна намена Е1-13 по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1308/1
14.08.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија

**Патрик Матх**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ГЕВГЕЛИЈА